# 46. РУЧОК РУЧА АСАН ВО ПРИЛЕПА

Крај: Тиквеш, Дреново
Пеела: Неша Ѓкимова
Родена: Дреново, 1940 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 247/1
Снимена: Дреново, Тиквеш
23 октомври 1959 год.
Мелограф.: Скопје, 30.05.1964.




Ручок руча, **Асан,** во Прилепа,
во Прилепа, **Асан,** на мејана;
абер дојде, **Асан,** Маријово,
Маријово, **Асан,** Село Погатин;
си умрела, **Асан,** бела Неда,
бела Неда, **Асан,** Погатинката,
Погатинката, **Асан,** посестримката;
од софра стана, **Асан,** на коњ јавна,
и на конче, **Асан,** вели, говори:
Ој, ти конче, **аман,** брзо конче,
пат имаме, **конче,** дванаессати,
ние да појме, **конче,** за шест сати,
ако не појме, **конче,** да ми пукнеш,
да ми пукнеш, **конче,** во нозите.
си потера, **Асан,** брзото конче,
си пристигна, Асан, во селото,
на пат сретна, **Асан,** стара баба,
баба носи, **аман,** ж'ти свеќи,
ж'ти свеќи, **аман,** ран бел босилок;
што ново има, **бабо,** во селото?
Си умрела, **Асан,** бела Неда.
Си потера, **Асан,** брзото конче,
си пристигна, **Асан,** сред селото.
На пат сретна, **Асан,** гробарите:
Ој, гробари, **море,** мој гробари,
гроб копајте, **аман,** за два мина;
си потера, **Асан,** брзото конче,
си пристигна, **Асан,** кај бела Неда,
до неја, легна, **Асан,** и си умре.

**Забелешка: Интерполацијата во сите стихови е „аман"**

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978